**20081623356**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30, став 4 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.12.2008 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА РАЗВИЕНОСТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2008 ДО 2012 ГОДИНА

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2008 до 2012 година.

### Член 2

Класификацијата на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2008 до 2012 година е следна:

| Плански регион | Според развојниот индекс | Според економско социјалниот индекс | Според демографскиот индекс |
|---|---|---|---|
| Скопски | 1,48 | 1,86 | 1,25 |
| Југоисточен | 0,89 | 1,38 | 0,58 |
| Пелагониски | 0,73 | 0,79 | 0,69 |
| Југозападен | 0,72 | 0,50 | 0,86 |
| Полошки | 0,72 | 0,18 | 1,05 |
| Вардарски | 0,69 | 0,63 | 0,73 |
| Источен | 0,67 | 0,95 | 0,50 |
| Североисточен | 0,56 | 0,33 | 0,70 |

### Член 3

Учеството на планските региони во распределбата на средствата за финансирање на проекти за развој на планските региони во периодот од 2008 до 2012 година, согласно извршената класификација во член 2 на оваа одлука, е следно:

| Плански регион | Процент за распределба по региони (во %) |
|---|---|
| Скопски | 6,4 |
| Југоисточен | 10,6 |
| Пелагониски | 12,9 |
| Југозападен | 13,0 |
| Полошки | 13,0 |
| Вардарски | 13,5 |
| Источен | 14,0 |
| Североисточен | 16,7 |

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6967/1
23 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.